ЗДРУЖЕНИЕ НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Периодични финансиски извештаи
за периодот што завршува
на 30 септември 2022
и Извештај на независниот ревизор

bakertilly
JOANIDIS

Содржина

	Страна
Извештај за проверка на меѓупериодични финансиски информации	3
Периодични финансиски извештаи	
Биланс на приходи и расходи	5
Биланс на состојба	6
Белешки кон периодичните финансиски извештаи	9

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОВЕРКА НА МЕЃУПЕРИОДИЧНИ ФИНАНСИСКИ ИНФОРМАЦИИ

До Собранието и Управниот Одбор на Здружението на новинарите на Македонија

Вовед

Ние извршивме проверка на приложениот биланс на состојба на Здружението на новинарите на Македонија (во понатамошниот текст "Здружението"), како и на поврзаниот биланс на приходи и расходи за периодот од 9 месеци кој завршува на 30 септември 2022 година и преглед на значајните сметководствени политики и останати објаснувачки белешки, приложени на страните 5 до 20. Раководството на Здружението е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие меѓуперидични финаниски информации во согласност со Законот за сметководството на непрофитните организации (Службен весник на РСМ бр 24/03, 80/05, 17/11, 154/15, 122/21) и Правилникот за сметководство на непрофитните организации (Службен весник на РСМ бр. 08/09, 12/09, 175/11), кои се применуваат во Република Северна Македонија. Наша одговорност е да издадеме заклучок за овие меѓуперидични финаниски информации врз основа на нашата проверка.

Делокруг на проверката

Ние ја спроведовме нашата проверка во согласност со Меѓународниот стандард за ангажмани за проверка 2410 „Проверка на меѓуперидични финансиски информации спроведена од независниот ревизор на ентитетот" кој е прифатен и е во примена во Република Северна Македонија. Проверката на меѓуперидичните финансиски информации е составена од спроведување на распрашувања, примарно на лицата кои се одговорни за финансиски и сметководствени прашања, и примена на аналитички и останати постапки за проверка. Проверката суштински е со помал делокруг од ревизијата извршена во согласност со стандардите за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија и соодветно не овозможува уверување дека ние ќе бидеме запознаени со сите значајни прашања кои се идентификуваат со ревизија. Соодветно, ние нема да издадеме ревизорско мислење.

Заклучок

Врз основа на нашата проверка, не забележавме ништо што причинува да веруваме дека приложените меѓуперидични финансиски информации не даваат вистинска и објективна слика за финансиската состојба на Здружението на 30 септември 2022 година, и неговиот финансиски резултат за периодот од девет месеци кој тогаш завршува во согласност со Законот за сметководството на непрофитните организации (Службен весник на РСМ бр 24/03, 80/05, 17/11, 154/15, 122/21) и Правилник за сметководство на непрофитните организации (Службен весник на РСМ бр. 08/09, 12/09, 175/11), кои се прифатени и се применуваат во Република Северна Македонија.

Овластен ревизор
Љубица Јоанидис

Скопје, 11 ноември 2022

Управител
Љубица Јоанидис

Друштво за ревизија
Бакер Тили Јоанидис Дооел Скопје

Друштво за ревизија Бакер Тили Јоанидис Дооел Скопје

Baker Tilly Joanidis is a member of the Baker Tilly Alliance, which is a member of the global network of Baker Tilly International Ltd., the members of which are separate and independent legal entities.

Здружение на новинарите на Македонија Скопје

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

за периодот што завршува на 30 Септември

ПРИХОДИ	Белешка	30.09.2022 во мкд	30.09.2021 во мкд
Приходи од кирии и сопствени приходи	5	554,625	558,971
Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година		9,113,702	5,240,352
Приходи од донации	6	11,610,727	20,601,240
Приходи од членарини и други приходи	7	348,055	122,700
Финансиски приходи	8	10,226	470
ВКУПНО ПРИХОДИ		**21,637,335**	**26,523,733**
РАСХОДИ			
Материјални расходи, услуги и амортизација	9	3,458,889	1,027,522
Капитални и други средства	10	139,679	152,599
Други расходи	11	6,107,771	9,046,334
Плати и надомести од плати	12	2,439,894	2,519,477
Финансиски расходи	13	19,812	43,256
ВКУПНО РАСХОДИ		**12,166,045**	**12,789,188**
ВИШОК НА ПРИХОДИ - ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ		**9,471,290**	**13,734,545**
Данок на добивка		-	-
ВИШОК НА ПРИХОДИ - ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ		**9,471,290**	**13,734,545**

Белешките кон периодичните финансиски извештаи се интегрален дел од периодичните финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

Овие периодични финансиски извештаи беа одобрени од страна на раководството на Здружението на 20 октомври 2022 година.

Одобрено од:

Младен Чадиковски
Претседател на Здружение
На новинари на Македонија

Составено од:

Маја Миленковска
Овластен сметководител
Со овластување број 0103409

Здружение на новинарите на Македонија Скопје

БИЛАНС НА СОСТОЈБА
за периодот што завршува на 30 Септември

	Белешка	30.09.2022 во мкд	30.09.2021 во мкд
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Нематеријални средства	14	31,998	35,411
Материјални средства	14	3,449,367	3,222,520
Вкупно нетековни средства		**3,481,365**	**3,257,931**
Тековни средства			
Пари и парични еквиваленти	15	9,530,851	13,787,347
Побарувања од купувачи	16	246,434	184,879
Други краткорочни побарувања	17	24,769	24,769
Активни временски разграничувања	18	11,322	-
Вкупно тековни средства		**9,813,376**	**13,996,995**
ВКУПНИ СРЕДСТВА		**13,294,741**	**17,254,926**
ДЕЛОВЕН ФОНД И ОБВРСКИ			
Извори на средства (фондови)			
Деловен фонд	19	2,956,394	3,140,408
Ревалоризациона резерва		524,972	117,524
Вишок на приходи над расходи		9,471,290	13,734,545
Вкупно деловен фонд		**12,952,656**	**16,992,477**
Обврски			
Краткорочни обврски	20	95,651	77,570
Пасивни временски разграничувања	21	246,434	184,879
Вкупно обврски		**342,085**	**262,449**
ВКУПНО ДЕЛОВЕН ФОНД И ОБВРСКИ		**13,294,741**	**17,254,926**

Белешките кон периодичните финансиски извештаи се интегрален дел од периодичните финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

Белешки кон периодичните финансиски извештаи

1. Општи информации за Здружението на новинарите на Македонија

Здружението на новинарите на Македонија е здружение на граѓани формирано со слободно здружување на новинарите во Република Северна Македонија, заради остварување на професионалните интереси во заштита на правото и слободата на професијата, јавното информирање и јакнењето на професионалната самостојност и етика.

Здружението на новинарите на Македонија дејствува на територијата на Република Северна Македонија и е независно, самостојно, невладино, непартиско и непрофитно здружение на доброволно здружени новинари, кои дејствуваат на или од територијата на Република Северна Македонија.

Здружението на новинарите на Македонија е основано на 17 февруари 1946 година. Во согласност со Статутот и одредбите од Законот за здруженија и фондации, Здружението е регистрирано во Централниот Регистар на Република Македонија, Регионална Регистрациона канцеларија во Скопје на 21 Октомври 1980 година со ЕМБС 4067568.

Седиштето на Друштвото се наоѓа на бр. Градски Ѕид блок 13, во Скопје, Општина Центар.

Основна дејност на Здружението на новинарите на Македонија, е под шифрата 63.91 – дејности на новинските агенции.

Здружението има статус на правно лице со права и обврски на правно лице, што е дефинирано во член 5 од Статутот.

Согласно член 8 од Статутот, општата цел и задача на Здружението на новинарите на Македонија е дејствување низ сите допуштени облици во насока на унапредување на општествениот и правниот амбиент за развој и постоење на новинарството и новинарската професија.

Посебни цели и задачи на Здружението се:

- ✓ Бранење на слободата на медиумите;
- ✓ Дејствување против злоупотреба на медиумите, против создавање на монополи и какви било форми на цензура;
- ✓ Заштита на новинарите од злоупотреба од сопствениците на медиумите;
- ✓ Заштита на угледот и достоинството на новинарите и новинарската професија;
- ✓ Заштита и поттикнување на слободата на критичкиот и креативниот дух;
- ✓ Унапредување на професионалните и етичките стандарди;
- ✓ Унапредување на социјалниот и материјалниот статус на новинарите;
- ✓ Застапување на членовите и нивно претставување пред општествената заедница, активно учество при подготовка на законските прописи и меѓународните настани во интерес на професијата и при одбрана на професионалниот интерес во согласност со Кодексот на етика на новинарите на Македонија;
- ✓ Обезбедување на правна помош на членовите на Здружението.

Согласно член 24 од Статутот, органи на Здружението се: Собранието, Управниот Одбор, Претседателот, Надзорниот Одбор, Советот на честа и Работните групи и други тела кои можат да бидат постојани и привремени, а кои се основаат од органите на ЗНМ во рамките на нивните надлежности.

Собранието на Здружението на новинарите на Македонија е највисок орган на управување на ЗНМ.

1. Општи информации за Здружението на новинарите на Македонија (продолжува)

Собранието како највисоко тело на Здружението на новинарите на Македонија, го избира Претседателот, Управниот Одбор, Надзорниот Одбор и членовите на Советот на честа.

Во согласност со член 42 од Статутот на Здружението на новинарите на Македонија, на Изборното собрание одржано на 15 декември 2018 година, за лице овластено за застапување на Здружението на новинарите на Македонија – Претседател е избран Младен Чадиковски.

Извршен директор на Здружението на новинарите на Македонија е Драган Секуловски.

За членови на Управниот одбор на Здружението на новинарите на Македонија, а во согласност со член 42 од Статутот на Здружението на новинарите на Македонија, на Изборното собрание одржано на 15 декември 2018 година, со дополнителна измена на двајца членови, се избрани следните лица:

- Фиљана Кока
- Кристина Мачкиќ
- Срећко Поповски
- Аднан Хајдари
- Сашка Цветковска
- Мишко Иванов
- Сашко Димевски
- Бењамин Арифи
- Слободанка Јовановска
- Зехријан Салих и
- Младен Чадиковски

Во согласност со член 43 од Статутот на Здружението на новинарите на Македонија, на Изборното собрание одржано на 15 декември 2018 година, за членови на Надзорниот одбор на Здружението на новинарите на Македонија се избрани следните лица:

- Мери Јордановска
- Адриан Керими
- Наташа Стојановска
- Семи Мехмети и
- Ирена Мулачка.

За членови на Советот на честа на Здружението на новинарите на Македонија, а во согласност со член 45 од Статутот на Здружението на новинарите на Македонија, на Изборното собрание одржано на 15 декември 2018 година, се избрани следните лица:

- Мира Костиќ
- Семра Јакупи
- Сенад Зилбеари
- Горан Лефков.

2. Основа за подготвување на периодични финансиските извештаи

Периодичните финансиски извештаи на Здружението на новинарите на Македонија се составени во согласност со:

1. Законот за сметководството на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр 24/03, 80/05, 17/11, 154/15, 122/21)
2. Правилник за сметководство на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр. 08/09, 12/09, 175/11)
3. Правилник за сметковниот план и биланси на непрофитните организации (Службен весник на РМ бр. 117/05 и 11/06)
4. Правилник за содржината на одделните сметки во сметковниот план за непрофитните организации (Службен весник на РМ бр.117/05)

Законот ги уредува водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавање на приходите и расходите, проценувањето на билансните позиции, финансиските извештаи и нивното доставување, како и други прашања од областа на сметководството за непрофитните организации.

Периодичните финансиски извештаи ги покажуваат средствата и обврските, приходите и расходите кои се однесуваат на работата на Здружението на новинарите на Македонија. Периодичните финансиски извештаи ја прикажуваат објективно финансиската состојба, финансиското работење како и приливот и одливот на парични средства на Здружението на новинарите на Македонија, во согласност со сметководствените стандарди. Презентацијата и класификацијата на ставките во периодичните финансиски извештаи е непроменет од еден до друг период. Секоја значајна ставка се прикажува одвоено во периодичните финансиски извештаи. Средствата и обврските, како и приходите и расходите не се неутрализираат освен ако неутрализирање е потребно и е дозволено од страна на некои сметководствени стандарди. Презентацијата на периодичните финансиски извештаи обезбедува споредливост на тековните податоци со претходниот пресметковен период.

Веродостојноста е поддржана од фактот дека Здружението на новинарите на Македонија ќе продолжи да работи во иднина. Здружението на новинарите на Македонија нема намера ниту пак потреба да го ликвидира или материјално да го ограничи опсегот на своето работење.

3. Основни сметководствени политики

Во продолжение се прикажани основните сметководствени политики употребени при подготовка на овие периодични финансиски извештаи. Овие политики се конзистентно применети на сите прикажани периоди, освен доколку не е поинаку наведено.

3.1. Признавање на приходите и расходите

Признавањето на приходите и расходите се извршува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

Приходите и расходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост.

Приходите и расходите се достапни во пресметковниот период на кој се однесуваат или остварени (наплатени) во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат како покритие за обврските од тој пресметковен период, односно обврската за плаќање што се случи во тој пресметковен период.

Приходите и расходите се мерливи кога можат да бидат изразени вредносно.

3.2 Нематеријални и материјални средства

3.2.1 Почетно вреднување

Средства кои се без физичка содржина, што може да бидат идентификувани и кои се користат за административни цели се признаваат како нематеријални средства (компјутерски софтвер, патенти, лиценци, трошоци за истражување и развој, авторски права на интелектуална сопственост, трговски марки).

Нематеријалните средства се мерат според набавната вредност, која ги вклучува фактурираната вредност и зависните трошоци намалена за амортизацијата и износот за обезвреднување.

Градежни објекти, постројки, опрема, електрични, електронски и механички алати и постројки, машини за пишување, машини за броење, фотокопири, мебел, транспортни средства и други материјални средства се сметаат за долгорочни материјални средства.

Долгорочните средства се мерат според набавната вредност, поголема од 300 евра во денарска противвредност и чиј век на траење е подолг од една година, која ги вклучува фактурната вредност, царински и увозни давачки, даноци кои не можат да бидат рефундирани, трошоци за испорака, монтажа и инсталација.

Во набавната вредност може да биде вклучено и дополнителното вложување кое се капитализира во вредноста на долгорочните средства, под услов со него да се продолжи времетраењето на користење на капиталните средства како и да се зголеми неговиот капацитет.

Долгорочни материјални и нематеријални средства во подготовка се изразени според вредноста на нивните инвестиции.

Материјалните и нематеријалните вложувања се евидентирани како трошоци во моментот на нивното настанување, платени по вредноста на нивната набавка, со истовремено зголемување на деловниот фонд на Здружението на новинарите на Македонија.

3.2.2 Последователни трошоци

Трошоци извршени за замена на дел од материјалните средства се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи што ќе претставуваат приливи во Здружението на новинарите на Македонија.

3.2.3 Амортизација

Амортизацијата на долгорочните материјални средства се пресметува со праволиниска метода на отпис на поединечните средства, кои доследно се применуваат од еден во друг пресметковен период, со примена на годишните стапки на амортизација кои се пропишани во Правилникот за сметководството на непрофитни организации.

Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на групите пропишани со Правилникот се додека вредноста на долгорочните средства не биде во целост надоместена. Корисниот век на употреба се одредува во согласност со пропишаните стапки. Во продолжение се прикажани годишните стапки на амортизација на материјалните средства, применети на некои позначајни ставки:

Градежни објекти	1 – 4 %
Компјутери	20%
Мебел	10%
Останати средства	10 - 20%

За износот на пресметана годишна амортизација се намалува деловниот фонд на Здружението.

3.2 Нематеријални и материјални средства (продолжува)

3.2.4 Ревалоризација

Ревалоризација на долгорочните средства се врши по нивната набавна вредност, при нивно повлекување од употреба и отуѓување, или поради повторно вреднување ако инфлацијата на годишно ниво, мерена со порастот на цените на производителите на индустриски производи, е поголема од 30%. Ревалоризираната вредност, односно пазарната вредност на долгорочните средства при нивното повлекување од употреба и отуѓување во текот на пресметковниот период се утврдува комисиски со проценка.

Резултатот на ревалоризација на долгорочните средства се пренесува во корист или на товар на изворите на средствата.

3.3 Побарувања од купувачи

Побарувањата се признаваат според договорените износи во договорот, согласно законските прописи.

3.4 Ситен инвентар

Долгорочните средства чија поединечна вредност во моментот на набавка е пониска од 300 евра во денарска противвредност, се класифицираат како ситен инвентар, кој што се отпишува еднократно независно од корисниот век на употреба, во согласност со законската регулатива за непрофитни организации.

3.5 Пари и парични еквиваленти

Пари и парични еквиваленти се состојат од паричните средства во благајна, на трансакциските сметки, депозити во банки до 3 месеци и високо-ликвидни вложувања кои можат да бидат брзо трансформирани во пари. Паричните средства во благајната и сметките во домашна валута се прикажани во номинален износ, а во странска валута по курсот на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на билансирање, како што следува:

1 УСД = 63.3577
1 ЕУР = 61.4950
1 ГБП = 68.7172

Курсните разлики кои произлегуваат од трансакциите во странски валути, кои се разликуваат од иницијално признатите, се признаваат како приходи или расходи во периодот во кој што настанале.

3.6 Обврски

Обврските се признаваат според висината на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

3.7 Обврски за даноци

Даноците се пресметуваат и плаќаат во согласност со законската регулатива во Република Македонија. Согласно Законот за данок на добивка, Здружението на новинарите на Македонија, за 2021 и 2020 година, пресметува данок на добивка на сопствените приходи поголеми од 1,000,000 денари, по стапка од 1%.

4. Периодични финансиските извештаи

Здружението на новинарите на Македонија, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации, изготвува периодични финансиски извештаи кои обезбедуваат точни, вистински податоци и целосен преглед на средствата, обврските, изворите на средства, приходите и расходите. За периодот што завршува на 30 септември 2022 година се подготвени следниве периодични финансиски извештаи:

- Биланс на состојба
- Биланс на приходи и расходи
- Белешки кон финансиските извештаи

Билансот на состојба ја прикажува состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата на одреден датум.

Билансот на приходите и расходите ги прикажува приходите и расходите, односно вишокот или кусокот остварен во периодот од девет месеци во текот на деловната година.

Белешките кон периодичните финансиски извештаи претставуваат детална разработка и дополнување на податоците од билансот на состојба и од билансот на приходите и расходите.

5 Приходи од кирии и сопствени приходи	30.09.2022 во мкд	30.09.2021 во мкд
Приходи од кирии и закупнини	554,625	558,971
Вкупно приходи од кирии и сопствени приходи	**554,625**	**558,971**

Приходите од кирии и закупнини се однесуваат на приходи од издавање на деловен простор во Скопје, познат како Клуб на новинари, кој се наоѓа на бул. "Партизански одреди" бр.13 блок 4 во Скопје, запишан во Имотен лист 11454 КО Центар 1, КП 10103, дел 0, со површина од 204 м2, во согласност со Договор за закуп на деловен простор, заведен под ОДУ број 1028/18 од 21 септември 2018 година со Друштво за интелектуални услуги Цоде Академи Доо Скопје, кој се однесува на период од 5 години. (види белешка 14).

Врз основа на Одлука број 0302-003/2 од 4 Јануари 2021 година, за намалување на месечна закупнина, закупнината за 2021 година е намалена од ЕУР 1,200 месечно на ЕУР 1,000 месечно, се до крајот на договорот за закупнина, односно 21.09.2023 година.

6 Приходи од донации

	30.09.2022 во мкд	30.09.2022 во мкд
Приходи од донации од Независно здружение на новинари Београд	2,963,056	3,093,451
Приходи од донации од Сигрид Раусинг Труст	3,241,485	3,238,470
Приходи од донации од Хедаја Обединети Арапски Емирати	239,573	1,224,414
Приходи од донации од БЦСДН	1,496,359	3,880,089
Приходи од донации од Балкан Траст фор демократи	-	4,507,622
Приходи од донации од Европска федерација на новинари	1,474,789	-
Приходи од донации од ОБСЕ	299,500	485,050
Приходи од донации од Здружение на новинари БиХ	-	221,812
Приходи од донации од Гете институт Скопје	382,044	-
Приходи од донации од Фондација Конард Аденауер Скопје	339,323	246,780
Приходи од донации од Фондација Конард Аденауер Бугарија	-	587,213
Приходи од донации од Фри Пресс Унлимитед	837,025	1,751,893
Приходи од донации од Стопанска Комора на Македонија	-	118,000
Приходи од донации од Унеско	337,573	1,246,446
Вкупно приходи од донации	**11,610,727**	**20,601,240**

Здружението на новинарите на Македонија на 10 Јануари 2020 година, има склучено Договор за проект safejournalist.net", за период 1 февруари 2020 до 31 јануари 2023 година, финансиран од Европската комисија, во вкупен рамковен буџет од € 155.827 евра со Независното здружение на новинари на Србија, како корисник на Договор за донација бр.2019/414-122 склучен помеѓу Европска Комисија и Независното здружение на новинари на Србија. Заклучно со 30 септември 2021 година, Здружението има остварено прилив од имплементација на проектот во износ од 50.306,39 евра, додека пак заклучно со 30 септември 2022 година Здружението има остварено прилив во износ од 48.183,68 евра.

На 28 мај 2020 година, Здружението на новинарите на Македонија, добива Известување за доделена донација од £ 135.000 од Сигрид Раусинг Труст, Лондон, Велика Британија, заради институционална поддршка на целта за кое е основано Здружението на новинарите на Македонија, за период од три години. На 12 јули 2021, Здружението добива донација од £ 45,000 за период од 1 Јуни 2021 до 31 мај 2022. Во 2022 година, Здружението добило донација во износ од £ 45.000, за период 1 Јуни 2022 до 31 мај 2023 година.

Здружението на новинарите на Македонија, на 20 ноември 2019 година склучува договор за со Хедаја, Меѓународен центар за борба против насилен екстремизам, за имплементација на проект "Градење на отпорноста против насилниот екстремизам и тероризам преку засилено новинарство, медиуми и владини претставници" во вкупен износ од € 79,385 за период на имплементација од 12 месеци. Со анекси кон договорот, рокот за реализација на проектот е продолжен до 31 мај 2021 година. На 3 март 2021 реализирана е исплата по договорот во износ од 19.846,25 евра. На 8 март 2022 реализирана е финалната исплата по договорот во износ од 3.883,18 евра.

На 30 декември 2020 година, Здружението на новинари на Македонија има склучено договор со Балканска мрежа за развој на граѓанското општество – БЦСДН за финансирање на проект "Подобрување на дијалогот меѓу новинарските здруженија и парламентите во Западен Балкан за посилно граѓанско општество" со вкупен буџет од 69,982 евра. Заклучно со 30 септември 2021 година остварен е прилив од 3,880,089 денари. На 18 мај 2022 Здружението на новинари на Македонија има склучено договор со Балканската мрежа за развој на граѓанското општество – БЦСДН за финансирање на регионалниот проект "Унапредување на дијалогот меѓу новинарските здруженија и парламентите во Западен Балкан за посилно граѓанско општество – фаза 2" со вкупен буџет од ЕУР 18,000 евра. Заклучно со 30 септември 2022 година, Здружението има остварено прилив по основ на овие договори во износ од 1,496,359 денари.

6 Приходи од донации (продолжува)

Здружението на новинари на Македонија на 2 март 2021 година, добива известување за доделен грант во износ од ЕУР 73,063 од The Balkan Trust of Democracy (The German Marshall Fund), за придонес за создавање на поволна средина за значајно учество на здруженија на медиуми и синдикатите како влијателни учесници во општеството, со цел да се постигне унапредување на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите. Заклучно со 30 септември 2021 година, од страна на Здружението остварени се приливи во износ од 73,063 евра.

Здружението на новинарите на Македонија, на 18 јануари 2022 година склучува договор за со Европска федерација на новинари, за имплементација на проект "Синдикат за фер закрепнување" во вкупен износ од € 69,905.30 за период на имплементација најдоцна до 30 јуни 2023 година. На 11 февруари 2022 година реализирана е исплата по договорот во износ од 23,904.01 евра.

На 14 Септември 2021, Здружението на новинари на Македонија, склучи договор со Организација за безбедност и соработка на Европа – ОБСЕ за проект "Промовирање заштита на новинарите, и етички и професионални стандарди во медиумите" со буџет во износ од ЕУР 7,350. Заклучно со 30 септември 2021 година реализирани се приливи во вкупен износ од 360,411 денари. Дополнително во мај 2021 добиена е донација во добра (заштитни елеци и капи со печатено лого) во вредност од € 4.947. На 20 мај 2022 Здружението на новинари на Македонија, склучи договор со Организација за безбедност и соработка на Европа – ОБСЕ за проект со наслов „Промовирање на безбедноста на новинарките и професионалните стандарди во медиумите" со буџет во износ од ЕУР 4,260. Заклучно со 30 септември 2022 година реализирани се приливи по овие договори во вкупен износ од 299,500 денари.

Здружението на новинарите на Македонија на 23 мај 2019 година, има склучено Договор за проект со Здружението на новинари на Босна и Херцеговина (БХН-ФПУ) за имплементација на проект "Бесплатна правна помош за застапување на слободата на медиумите и безбедноста на новинарите во Западен Балкан", како и два Анекси за продолжување на рокот на имплементација заклучно со 31 март 2021, и зголемување на буџетот во вкупен износ од € 19.103,54. Согласно договорот и анексите, Здружението заклучно со 30 септември 2021 година има остварено прилив од имплементација на проектот во износ од 3,607.13 евра.

Здружението на новинарите на Македонија, на 18 мај 2022 година склучува договор за со Гете Институт - Скопје, за имплементација на проект "Поттикнување на социјални теми од јавен интерес во новинарската заедница" во вкупен износ од 388,044 денари за период на имплементација најдоцна до октомври 2022 година. На 8 јуни 2022 година реализирана е исплата по договорот во износ од 382,044 денари.

На 10 март 2022 година Здружението на новинари на Македонија има склучено договор за соработка со Конрад-Аденауер-Стифтунг, канцеларија Северна Македонија, донација за имплементација на проект IB21 "Die Zukunft der Medien" – "Иднината на медиумите", во период од 24 Март 2022 - 26 Март 2022, со вкупен буџет од ЕУР 5,500. Заклучно со 30 септември 2022 година, исплатата е извршена со уплата по основ на фактури директно на добавувачот во износ од ЕУР 5,500 (во денарска противвредност: 339,323 денари), додека пак заклучно со 30 септември 2021 година, исплатата е извршена со уплата по основ на фактури директно на добавувачот во износ од ЕУР 4,000

Во 2021 година од Конрад-Аденауер-Стифтунг, Република Бугарија, Здружението на новинарите на Македонија доби донација за финансирање на настан организиран во Музејот на современа уметност во Скопје за "The reporter slam" – најзабавниот настан со новинари во Германија - во износ од ЕУР 9,518. Здружението на новинарите на Македонија како партнер - соработник беше вклучено во подготовка, организација и спроведување на настанот одржан на 2 јули 2021.

6 Приходи од донации (продолжува)

Во 2021 година обезбедени се приходи од донација од Фрее Пресс Унимитед Холандија на основ склучен договор за донација за проект "Зајакнување на слободата на медиумите во Северна Македонија" од март 2021 година во вкупен износ на буџет од ЕУР 26,000. Во 2022 година обезбедени се приходи од донација од Фрее Пресс Унимитед Холандија на основ склучен договор за донација за проект "Зајакнување на слободата на медиумите во Северна Македонија" во вкупен износ на буџет од ЕУР 31,000, за период на имплементација од 1 август 2022 до 30 јуни 2023 година. Во 2021 година обезбедени се приходи од донација од Фрее Пресс Унимитед Холандија по основ склучен договор за донација за проект „Поддршка за правна помош на новинари и медиумски работници и медиумски организации под закана во Северна Македонија" од 16 јуни 2021 година, со вкупен износ на буџет од ЕУР 5,000 и период на имплементација од 1 јуни до 31 декември 2021 година, и договор за донација по основ склучен договор за донација за проект „Поддршка за правна помош на новинари и медиумски работници и медиумски организации под закана во Северна Македонија" од 23 март 2022 година, со вкупен износ на буџет од ЕУР 5,000 и период на имплементација од 1 април до 31 декември 2022 година. Вкупен износ на реализиран прилив заклучно со 30 септември 2021 година изнесува 28,400 евра и заклучно со 30 септември 2022 година реализиран е прилив од 13,595 евра.

Во текот на 2021 година со Стопанска Комора на Македонија склучени се договор за спонзорство од 29 Јануари 2021 на износ од МКД 59,000 и договор за донација од 8 февруари 2021 на износ од 59,000 денари. На 12 февруари 2021 пристигнат е прилив од спонзорството во износ од МКД 59,000 и на 11 март 2021 пристигнат е прилив од донацијата во износ од МКД 59,000. Донацијата е наменета за доделување на годишни новинарски награди за истражувачко новинарство.

Здружението на новинари на Македонија, на 12 март 2021 година, склучило договор со UNESCO за донација на фонд за зајакнување на заштитата на медиумите и подобрување на пристапот на новинарите до специјализирана правна помош во вкупен буџет од УСД 30,020. Заклучно со 30 септември 2021 година е остварен прилив во вкупен износ од USD 23,953 и заклучно со 30 септмеври 2022 година остварен е прилив во вкупен износ од USD 5.751 по основ на оваа донација.

7 Приходи од членарини и други приходи

	30.09.2022 во мкд	30.09.2021 во мкд
Приходи од членарини	147,050	122,700
Приходи од рефундации Фри Пресс Унлимитед	105,910	-
Приходи од рефундации Европска федерација на новинари	95,095	-
Вкупно приходи од членарини и други приходи	**348,055**	**122,700**

Приходите од членарини се однесуваат на наплатена годишна членарина од новинарите - членови во Здружението на новинарите на Македонија, врз основа на Одлука од 12 април 2012 година, заведена под бр. 03-144/1.

Приходите од рефундации се по основ на надоместување на патните трошоци од донаторите, направени за присуство на конференции коишто се одржани во странство.

8 Финансиски приходи

	30.09.2022 во мкд	30.09.2021 во мкд
Приходи од камати	10,226	-
Позитивни курсни разлики	-	470
Вкупно финансиски приходи	**10,226**	**470**

9 Материјални расходи, услуги и амортизација

	30.09.2022 во мкд	30.09.2021 во мкд
Потрошени материјали	91,469	86,703
Потрошена енергија	142,128	131,186
Други услуги	1,101,483	206,894
Превозни и транспортни услуги	60,735	51,544
Наемнини	301,751	56,990
Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација	1,707,551	445,089
Други материјални расходи	53,772	49,116
Вкупно материјални расходи, услуги и амортизација	**3,458,889**	**1,027,522**

Потрошените материјали се однесуваат на набавка на канцелариски материјали, набавка на средства за лична хигиена, останати работни материјали и др.

Потрошената енергија се однесува на деловните простории на Здружението на новинарите на Македонија, режиски трошоци, вода и потрошено гориво за транспортните средства.

Другите услуги се однесуваат на услуги за печатење на публикации, услуги за печатење на брошури, веб дизајн услуги, тековно одржување на веб страна, и изработка на промотивни видео материјали и за настани организирани од Здружението на новинарите на Македонија.

Превозните и транспортните услуги се однесуваат на трошоци за фиксен и мобилен телефон, транспортни услуги во патничкиот сообраќај, поштенски услуги и др.

Наемнините заклучно со 30 септември 2021 и 30 септември 2022 година се однесуваат на закуп на простор (сала) во и надвор од Скопје, заради имплементација на настаните, и опрема за настани, согласно проектните активности на Здружението на новинарите на Македонија, одобрени од различни донатори.

Издатоците за реклама, пропаганда и репрезентација се однесуваат на трошоци за репрезентација, угостителски услуги, хотелски услуги и сместување за одржување на настани и др., согласно проектните активности на Здружението на новинарите на Македонија, одобрени од различни донатори.

Другите материјални расходи вклучуваат издатоци за данок на имот, одржување и регистрација на службено возило.

10 Капитални и други средства

	30.09.2022 во мкд	30.09.2021 во мкд
Средства за опрема	139,679	152,599
Вкупно капитални и други средства	**139,679**	**152,599**

Средствата за опрема се однесуваат на набавка на компјутери и останата канцелариска опрема.

11 Други расходи

	30.09.2022 во мкд	30.09.2021 во мкд
Премии за осигурување	2,771	-
Дневници за службено патување и патни трошоци	137,604	29,370
Интелектуални и други услуги	2,085,909	2,105,837
Останати расходи	-	106,227
Издатоци за договорни услуги	2,078,566	1,763,861
Помошти, донации и други давачки	1,710,536	4,964,861
Банкарски услуги	92,385	76,178
Вкупно други расходи	**6,107,771**	**9,046,334**

Премиите за осигурување се однесуваат на патничко осигурување на лица од Здружение на новинари на Македонија во согласност со полисите за осигурување од Сава осигурување АД Скопје.

Дневниците за службено патување и патни трошоци се однесуваат на надомест за трошоците на персоналот кој патува во земјата и странство заради имплементација на настаните, согласно проектните активности на Здружението на новинарите на Македонија, одобрени од различни донатори.

Расходите за интелектуални и други услуги се однесуваат на надоместоци исплатени по авторски договори за меѓународни и локални експерти, вклучени во проектните активности на Здружението на новинарите на Македонија за спроведување на истражувања, изработка на публикации, реализирање на обуки, учество на настани како панелисти или излагачи/предавачи на јавни настани, новинарски награди, трошоци за ревизија, адвокатски услуги, сметководствени услуги, услуги за преводи, договор за вршење на преводи и слично.

Останати расходи се однесуваат на расходи утврдени од минати години и исплатен регрес за годишен одмор.

Издатоците за договорни услуги се однесуваат на надоместокот на новинари и соработници кои учествуваат во проекти за мониторинг на јавни институции, трошоци за делење на правни совети на новинари и медиумски работници и надоместоци за лица учесници во настаните согласно проектните активности на Здружението на новинарите на Македонија, одобрени од различни донатори.

Помошти, донации и други расходи се однесуваат на исплата на трошоци на партнерски организации во проектите на Здружението на новинарите на Македонија: Здружение Коника, Здружение Градење отпор против насилен тероризам (проект финансиран од Хедаја), Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници - ССНМ Скопје (проект финансиран од УНЕСКО), Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници - ССНМ Скопје (проект финансиран од Балканскиот Фонд за демократија-БТД), Синдикат на медиумите на Црна Гора, Независно здружение на новинарите на Србија, Здружение на новинари на Босна и Херцеговина (проект финансиран со грант од БЦСДН), за донација во добра финансирани од ОБСЕ и за организирање на настани, финансирани од Конрад Аденауер Бугарија, и Конрад Аденауер Фондација Скопје за активности согласно договор за грант.

12 Плати и надомести на плати

	30.09.2022 во мкд	30.09.2021 во мкд
Нето плати	1,613,739	1,667,811
Даноци од плата	142,979	146,190
Придонеси од плата	683,176	705,476
Вкупно плати и надомести од плати	**2,439,894**	**2,519,477**

Пресметаните плати заклучно со 30 септември 2022 година се однесуваат на 4 вработени (30 септември 2021: 5 вработени).

13 Финансиски расходи

	30.09.2022 во мкд	30.09.2021 во мкд
Негативни курсни разлики	19,812	43,153
Камати на кредити и заеми	-	103
Вкупно финансиски расходи	**19,812**	**43,256**

15 Материјални средства

	Градежни објекти	Опрема	Нематер. средства	Вкупно мкд
Набавна вредност				
Јануари 01, 2021	**2,740,295**	**2,016,515**	**69,220**	**4,826,030**
Движење во текот на периодот	-	121,099	31,500	**152,599**
Септември 30, 2021 / Октомври 01, 2021	**2,740,295**	**2,137,614**	**100,720**	**4,978,629**
Движење во текот на периодот	293,496	(436,245)	(65,046)	**(207,795)**
Септември 30, 2022	**3,033,791**	**1,701,369**	**35,674**	**4,770,834**
Акумулирана амортизација				
Јануари 01, 2021	**(485,691)**	**(852,187)**	**(57,218)**	**(1,395,096)**
Движење во текот на периодот	(60,029)	(257,483)	(8,090)	(325,602)
Септември 30, 2021 / Октомври 01, 2021	**(545,720)**	**(1,109,670)**	**(65,308)**	**(1,720,698)**
Движење во текот на периодот	(8,858)	378,454	61,634	**431,230**
Септември 30, 2022	**(554,578)**	**(731,216)**	**(3,674)**	**(1,289,468)**
Нето евидентирана вредност				
Септември 30, 2021	**2,194,575**	**1,027,945**	**35,412**	**3,257,931**
Септември 30, 2022	**2,479,213**	**970,154**	**32,000**	**3,481,366**

На ден 30 септември 2022 и 30 септември 2021 година, градежните објекти и опремата се во сопственост на друштвото. Градежниот објект е заведен под имотен лист бр.11454 за КО Центар 1, Скопје со запишано право на сопственост на КП 10103/0 со површина од 248 м2. Дел од градежниот објект се издава како деловен простор во Скопје, познат како Клуб на новинари, кој се наоѓа на бул. "Партизански одреди" бр.13 блок 4 во Скопје, запишан во Имотен лист 11454 КО Центар 1, КП 10103, дел 0, со површина од 204 м2, во согласност со Договор за закуп на деловен простор, заведен под ОДУ број 1028/18 од 21 Септември 2018 година со Друштво за интелектуални услуги Цоде Академи Доо Скопје, кој се однесува на период од 5 години. (види белешка 5).

15 Пари и парични еквиваленти

	30.09.2022 во мкд	30.09.2021 во мкд
Банкарски сметки во денари:		
Комерцијална Банка АД Скопје 300000000776715 основна сметка	3,422,698	2,171,865
Комерцијална Банка АД Скопје 300000003956181 Хедаја	125,414	184,066
Комерцијална Банка АД Скопје 300000003580985 Неу	285	503,963
Комерцијална Банка АД Скопје 300000004109150 Виза картица	20,779	16,452
Комерцијална Банка АД Скопје 300000004376385 СРТ	2,141,893	2,717,363
Комерцијална Банка АД Скопје 300000003296484 ЕЕД	294,015	1,159,029
Комерцијална банка АД Скопје 300000004613841	489	3,069,172
Комерцијална банка АД Скопје 300000004613744	199,267	354,837
НЛБ Банка АД Скопје 210040675680247 саморегулација	383,260	1,175,962
НЛБ Банка АД Скопје 210040675680150 ХА	565,145	2,196,744
	7,153,245	**13,549,453**
Банкарски сметки во девизи:		
Комерцијална Банка АД Скопје 0270100180186 EUR	2,376,303	238,495
	2,376,303	**238,495**
Благајна:		
Благајна - денари:	1,303	(601)
	1,303	**(601)**
Вкупно пари и парични еквиваленти	**9,530,851**	**13,787,347**

Паричните средства на сметките на Здружението на новинарите на Македонија во банките и во благајната, искажани во денари, се водат во номинални износи според доставениот извод за промет на тие сметки. Освен основната сметка, отворени се жиро сметки за секој проект посебно.

Девизните средства на сметките во банките и благајната се искажуваат по курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на билансот на состојба.

16 Побарувања од купувачи

	30.09.2022 во мкд	30.09.2021 во мкд
Побарувања од домашни купувачи	246,434	184,879
Вкупно побарувања од купувачи	**246,434**	**184,879**

Побарувањата од домашните купувачи се состојат од побарувања за наемнина, во согласност со Договорот за закуп на деловен простор. (види белешка 14).

17 Други краткорочни побарувања

	30.09.2022 во мкд	30.09.2021 во мкд
Побарувања за повеќе платен данок	24,769	24,769
Вкупно други краткорочни побарувања	**24,769**	**24,769**

Побарувањата за повеќе платен данок се состојат од повеќе платен данок на добивка.

18 Активни временски разграничувања

	30.09.2022 во мкд	30.09.2021 во мкд
Однапред платени и одложени трошоци	11,322	-
Вкупно активни временски разграничувања	**11,322**	**-**

19 Деловен фонд

	30.09.2022 во мкд	30.09.2021 во мкд
Деловен Фонд	2,956,394	3,140,408
Вкупно деловен фонд	**2,956,394**	**3,140,408**

20 Краткорочни обврски

	30.09.2022 во мкд	30.09.2021 во мкд
Обврски кон добавувачи		
Добавувачи во земјата	11,322	(1,029)
	11,322	**(1,029)**
Обврски за плати	-	-
Обврски за даноци	10,541	4,811
Останати краткорочни обврски	73,788	73,788
	84,329	**78,599**
Вкупно краткорочни обврски	**95,651**	**77,570**

21 Пасивни временски разграничувања

	30.09.2022 во мкд	30.09.2021 во мкд
Пресметани трошоци	246,434	184,879
Вкупно пасивни временски разграничувања	**246,434**	**184,879**

22 Преземени и потенцијални обврски

Судски спорови
Со состојба на 30 септември 2022 не се евидентирани било какви резервирања од потенцијални загуби по основ на судски спорови. Раководството на Здружението редовно ги анализира можните ризици од загуби по основ на судски спорови и евентуални побарувања против Здружението кои би можеле да се појават во иднина. Иако резултатот од оваа проблематика не може секогаш со сигурност да се утврди, Раководството на Здружението верува дека истите нема да резултираат во материјално значајни обврски.

Капитални обврски
Не се евидентирани капитални обврски на денот на билансот на состојба кои не се веќе признати во периодичните финансиски извештаи.

23 Настани по датумот на известување

По 30 септември 2022 година – датумот на известувањето, до денот на одобрување на овие периодични финансиски извештаи, нема настани кои би предизвикале корекција на периодичните финансиски извештаи, ниту пак настани кои се материјално значајни за објавување во овие периодични финансиски извештаи.